**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 45 став (1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) и член 13 и член 22 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на хх мај 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 210/22) издадена на Трговското друштво за трговија, производство и услуги БЕТАШПТЕД ДОО увоз – извоз Илинден, Прилогот се заменува со нов Прилог којшто е составен дел на оваа одлука.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по барање на Друштвото поради зголемување на капацитетите со коишто се врши дејноста.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското друштво за трговија, производство и услуги БЕТАШПТЕД ДОО увоз – извоз Илинден, со седиште на ул. “36” бр.1041 Илинден (во понатамошниот текст: Друштво), на 2 април 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија поради зголемување на капацитетите со коишто се врши дејноста со уште една фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “БЕТАШПЕД СОЛАР 2”, УП1 бр.12-213/24 од 2 април 2024.

Согласно член 8, став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 9 април 2024 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 10.1, односно од Прилог 2 Образец БЛ 22 од Правилникот за лиценци, во оригинал и електронски во .pdf формат. Друштвото го комплетираше Барањето на 9 мај 2024 година.

Покрај другото, Друштвото достави Извештај за извршен технички преглед од надзорен инженер (фаза електротехника и фаза градежништво) за градби од втора категорија за поставување на фотонапонска електроцентрала која се поставува на објект со инсталирана моќност од 72,26 kW "БЕТАШПЕД СОЛАР 2" на КП бр. 789, објект бр. 1, КО Илинден в.гр., бр. 03-83/24 од 7 март 2024 година, со електронски потписи од 13 март 2024 година, изработен од Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕВГЕНИЈА ПЛАН ДОО увоз – извоз, со седиште на ул. "Моше Пијаде" бб Куманово.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 10, став (1) од Правилникот за лиценци изготви предлог - одлука за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија. Предлог - одлуката, согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-ххх/1 од хх мај 2024 година, беше предмет на расправа на подготвителната седница која се одржа на хх мај 2024 година. На подготвителната седница немаше забелешки по предлог - одлуката од страна на присутните.

Регулаторната комисија за енергетика на хх мај 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 45 став (1) од Законот за енергетика* и член 13 и член 22 од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија поради зголемување на капацитетите со коишто се врши дејноста со уште една фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "БЕТАШПЕД СОЛАР 2" на Трговското друштво за трговија, производство и услуги БЕТАШПТЕД ДОО увоз – извоз Илинден.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр.12-213/24**
**хх мај 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**

изготвил: Билјана Јадровска Панова

контролирал: Фаредин Адеми

одобрил: Наташа Вељановска

**Прилог:**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. **Назив и седиште на носителот на лиценцата**
   Трговско друштво за трговија, производство и услуги БЕТАШПТЕД ДОО увоз – извоз Илинден, со седиште на ул. “36” бр.1041 Илинден, Република Северна Македонија.

2. **Енергетска дејност за која се издава лиценцата:** Производство на електрична енергија

3. **Датум на издавање на лиценцата:** 26 септември 2022 година

4. **Датум на важење на лиценцата:** 26 септември 2057 година

5. **Евидентен број на издадената лиценца:** ЕЕ-ПРОИЗ-679-2022

6. **Единствен матичен број:** 5147166

7. **Единствен даночен број:** 4030992190621

8. **Подрачје на кое се врши енергетската дејност**
   Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “БЕТАШПЕД СОЛАР“ и ФЕЦ “БЕТАШПЕД СОЛАР 2” на КП бр. 789, објект бр. 1, КО Илинден в.гр, Општина Илинден.

9. **Место на испорака во електродистрибутивната мрежа**
   Испораката на електрична енергија во електродистрибутивната мрежа од ФЕЦ “БЕТАШПЕД СОЛАР“ и ФЕЦ “БЕТАШПЕД СОЛАР 2”, ќе се врши согласно дефинираните услови за приклучување Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивна мрежа УП1-10-50 од 28 февруари 2024 година, издадено од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

10. **Општи обврски за носителот на лиценцата**
    Носителот на лиценцата е должен да:
    - постапува согласно член 70 од Законот за енергетика*,
    - обезбеди сигурно, безбедно, континуирано и квалитетно производство и испорака на електрична енергија до точката на прием во електродистрибутивниот систем,
    - им ги обезбеди на операторот на електропреносниот систем, операторот на пазарот на електрична енергија, операторот на електродистрибутивниот систем, сите потребни податоци и информации кои се неопходни за извршувањето на нивните обврски од лиценците, во согласност со Мрежните правила за пренос на електрична енергија, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија и Правилата за пазар на електрична енергија,

- доставува извештаи за опремата, постројките, плановите за одржување и планираната расположливост до операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија,
- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- ги почитува и да постапува согласно Правилата за пазар на електрична енергија, Правилата за балансирање на електроенергетскиот систем, Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, како и согласно правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија врз основа на Законот за енергетика*,
- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци,
- работи во согласност со законите, другите прописи и општи акти на Република Северна Македонија, а особено оние кои се однесуваат на вршење на дејноста производство на електрична енергија, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа.

**11. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,
2) годишна завршна сметка со сите прилози,
3) преземени мерки во текот на извештајната година за:
   - заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,
   - безбедност и здравје при работа,
   - кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,
   - заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
   - извршување на мониторинг на работењето,
   - вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,
4) извршување на годишната програма за ремонти,
5) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,
6) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

12. **Доверливост на информациите**
Носителот на лиценцата е должен во согласност со закон, да обезбеди и да гарантира доверливост на деловните податоци и информации при вршењето на енергетската дејност производство на електрична енергија.

13. **Квалитет на услугата**
Носителот на лиценцата е должен да обезбеди технички средства и други услови кои ќе овозможат постојан квалитет на произведената електрична енергија, согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.
Носителот на лиценцата е должен да врши постојан мониторинг на параметрите кои го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија и по барање на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, да доставува писмен извештај за движењето на сите параметри кои што го определуваат квалитетот на произведената електрична енергија во определен временски период.

14. **Мерење на произведената електрична енергија и моќност**
Мерењето на произведената, односно испорачаната електрична енергија во електродистрибутивниот систем се врши во пресметковното мерно место на начин и постапка утврдени согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

15. **Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**
Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

16. **Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**
Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

17. **Производни капацитети со кои се врши енергетската дејност**
Носителот на лиценцата ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонски електроцентрали со следните технички карактеристики:

**ФЕЦ "БЕТАШПЕД СОЛАР"**

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ "БЕТАШПЕД СОЛАР"
б) моќност на фотонапонска електроцентрала по фотонапонски панели: 392,04 kW
в) моќност на фотонапонска електроцентрала по инвертори: 350 kW
г) година на почеток и завршеток на градба и година на почеток со работа: 2022 година
д) проценет животен век на ФЕЦ: 35 години
ѓ) податоци за опрема:
- тип и производител на фотонапонски панели: JAM72S30 525-550/MR
- број на фотонапонски панели: 726
- моќност на фотонапонски панели: 540 W
- тип, производител и номинални податоци на инвертор:
HUAWEI SUN2000-100KTL-M1, моќност 100 kW, 3 инвертори

HUAWEI SUN2000-50KTL-M0, моќност 50 kW, 1 инвертор

е) годишно сончево зрачење на таа локација: 1.494,67 kWh/m$^2$

ж) очекувано годишно производство на електрична енергија: 492.371 kWh

**ФЕЦ “БЕТАШПЕД СОЛАР 2”**

а) назив на фотонапонска електроцентрала: ФЕЦ “БЕТАШПЕД СОЛАР 2”

б) моќност на фотонапонска електроцентрала по фотонапонски панели: 72,6 kWp

в) моќност на фотонапонска електроцентрала по инвертори: 40 kW

г) година на почеток и завршеток на градба и почеток на работа: 2023 година

д) проценет животен век на ФЕЦ: 35 години

ѓ) податоци за опрема:

- тип и производител, моќност и број на фотонапонски панели: монокристални, JA SOLAR, JAM72S30 525-550/MR-550Wp, 132 панели со моќност од 550 Wp
- тип и производител, моќност и број на инвертори: HUAWEI SUN2000-40KTL-M3-40kW, 1 инвертор со моќност од 40 kW

е) годишно сончево зрачење на таа локација: 1.508,12 kWh/m$^2$

ж) очекувано годишно производство на електрична енергија: 86.777 kWh.